**20230651275**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за Собранието на Република Македонија,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 20 март 2023 година.

Бр. 08-1526/1
20 март 2023 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Стево Пендаровски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Во Законот за Собранието на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 104/2009 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 14/20, 174/21, 298/21 и 67/22), членот 40-н се менува и гласи:

„(1) Основната компонента на плата на собраниските службеници ја сочинуваат:
- минимална плата,
- дел на плата за степен на образование,
- дел на плата за ниво и
- дел на плата за стаж.

(2) Минималната плата е онаа, која министерот за труд и социјална политика ја објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“ во согласност со закон.

(3) Делот на плата за степенот на образование, кој е законски минимум за соодветното ниво на работно место, се вреднува на следниов начин:

| НИВО НА КВАЛИФИКАЦИИ/ОБРАЗОВАНИЕ | БОДОВИ |
|---|---|
| Ниво на квалификации VI А, 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен | 56 |
| Ниво на квалификации VI Б или 180 кредити според ЕКТС | 31 |

| | |
|---|---|
| Ниво на квалификации V A, 60 до 120 кредити според ЕКТС или више образование | 11 |
| Ниво на квалификации IV, 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или четиригодишно средно образование | 1 |

(4) Делот на плата за нивото на кое е распореден собранискиот службеник се вреднува на следниов начин:

НИВО БОДОВИ
Б1 - раководен собраниски службеник од прво ниво 492 бодови;
Б2 - раководен собраниски службеник од второ ниво 467 бодови;
Б3 - раководен собраниски службеник од трето ниво 359 бодови;
Б4 - раководен собраниски службеник од четврто ниво 286 бодови;
В1 - стручен собраниски службеник од прво ниво 207 бодови;
В2 - стручен собраниски службеник од второ ниво 165 бодови;
В3 - стручен собраниски службеник од трето ниво 147 бодови;
В4 - стручен собраниски службеник од четврто ниво 109 бодови;
Г1 - помошно-стручен собраниски службеник од прво ниво 86 бодови;
Г2 - помошно-стручен собраниски службеник од второ ниво 80 бодови;
Г3 - помошно-стручен собраниски службеник од трето ниво 74 бодови и
Г4 - помошно-стручен собраниски службеник од четврто ниво 70 бодови.

(5) Делот на плата за работниот стаж на собранискиот службеник се вреднува во износ од 0,5% од збирот на минималната плата, делот на плата за степен на образование и делот на плата за ниво за секоја навршена година работен стаж, а најмногу до 20%.“.

Член 2

Во членот 40-о по ставот (3) се додаваат два нови става (4) и (5), кои гласат:

„(4) Вработените во Службата на Собранието имаат право на надоместок за годишен одмор - регрес, доколку во Буџетот на Собранието се обезбедени финансиски средства за таа намена.

(5) Правото од ставот (4) на овој член го има вработениот во Службата на Собранието под услов да работел во Собранието најмалку шест месеци во календарската година.“.

Член 3

Одредбите од членот 1 од овој закон со кој се менува членот 40-н ќе започнат да се применуваат со исплата на мартовската плата во месец април 2023 година.

Вредноста на бодот за пресметување на платите на собраниските службеници од членот 1 од овој закон не може да биде помала од 0,3% од минималната плата, започнувајќи од месец март 2023 година.

Член 4

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Северна Македонија да утврди пречистен текст на Законот за Собранието на Република Македонија.

Член 5

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.